АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17 и 168/18), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 26. 10. 2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4681 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА ЕДЕН ДООЕЛ Тетово

3. **Период опфатен со надзорот:** 6 октомври 2018 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 26 октомври 2018 година

5. **Предмет на надзорот:**

   – **Член 100 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (времетраењето на рекламирањето во програмите на радиодифузерите не смее да изнесува повеќе од 12 минути на еден реален час)

6. **Претходно изречена мерка:**

*На 14.08.2018 година, за непочитување на членот 100 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр.03-425, од 14.08.2018 година) на* телевизискиот програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА ЕДЕН ДООЕЛ Тетово.

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на решението (24.08.2018 година), да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА ЕДЕН ДООЕЛ Тетово, емитуван на 6 октомври 2018 година, на регионално ниво (Д8 - Попова Шапка: Тетово, Гостивар, Врапчишта, Боговиње, Брвеница, Теарце, Јегуновце, Желино), е констатирано дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **во целост постапил по решението за**

изрекување мерка опомена, односно ја отстранил извршената повреда на член 100 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

8. **Опис на прекршувањето: /**

9. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***